Врз основа на член 19 алинеа 7 и член 29 став (8) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/18, 21/18, 98/2019 и 153/19), по предлог на директорот на Агенцијата за електронски комуникации, број 1102-24/3 од 20.07.2022 година, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 20.07.2022 година донесе:

**Предлог - ОДЛУКА**

**За користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2021 година**

I

Во согласност со Законот за електронски комуникации (Сл. Весник на РМ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/18, 21/18, 98/2019 и 153/19) со овој допис Ви доставувам Предлог Одлука на користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2021 година, кои поизлегуваат од Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2021 година, при што се утврдени вишок финансиски средства од минати години во износ од 240.249.661,00 денари, како нереализирани средства од Годишниот финансиски план за 2021 година, и истите во Годишниот финансиски план за 2022 година да се распределат на следнаве расходни и приходни ставки:

**РАСХОДИ**

Расходна ставка 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА

440006 – Изградба на антенскиот систем за контрола и мониторинг – зголемување за 200.000.000,00 денари по Договор.
Расходна ставка 455 – ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ

455 - Помошти, донации и други давачки – зголемување за 42.858.378,00 денари
-36.858.378,00 за КОВИД
-3.391.283,00 за стипендии за факултети (ова е дел од предвидените средсва во износ од 6.000.000 денари)

Вкупни додадени планирани расходи 240.249.661,00 денари.

**ПРИХОДИ**

- Пренесен вишок на приходи над расходи од минати години во износ од 240.249.661,00 денари.

Вкупно со сите зголемувања и намалувања на состојбата на финансиските средства вредноста изнесува 240.249.661,00 денари.



www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21 | тел.: 02 32 89 200
1000 Скопје | факс: 02 32 24 611
Република Македонија | е-пошта: contact@aec.mk

Стручните служби на Агенцијата за електронски комуникации да изработат измена и дополнување на Годишниот финансиски план за 2022 година и истиот да го достават на одобрување до Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзинето донесување.

Образложение

Согласно член 29 став (8) од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија бр 39/14, 188/14, 44/15, 193/2015, 11/18, 21/18, 98/2019 и 153/19) е утврдено дека „Нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година, Агенцијата ќе ги пренесе во финансискиот план за наредната година, при што може да одлучи тие средства, или дел од нив, да се искористат за развој на електронските комуникации и информатичкото општество, како и за други работи од значење за Република Македонија, утврдени со финансискиот план на Агенцијата".

Во согласност со оваа законска одредба, а имајќи го во предвид фактот дека со Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2021 година, се утврдени средства во износ од 240.249.661,00 денари по оданочување, како нереализирани средства од Годишниот финансиски план за 2021 година, директорот на Агенцијата за електронски комуникации до Комисијата достави предлог број _________ од ________ година за донесување на Предлог - Одлука за користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2021 година.

При разгледувањето на доставениот предлог од Директорот на Агенцијата, како и приложената документација за користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на АЕК за 2021 година, наведен во диспозитивот на оваа одлука, Комисијата оцени дека со реализацијата на истите во Годишниот финансиски план за 2022 година, ќе се овозможи тековно функционирање на редовното работење и ќе се поттикне развојот на електронските комуникации и информатичкото општество и ќе се обезбеди добробит за сите граѓани во Република Македонија, поради што врз основа на член 19 алинеа 7 и член 29 став (8) од Законот за електронските комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

Агенција за електронски комуникации

Комисија

Стевица Јосифовски, претседател

Наш број 1102-24/4

20.07.2022 година

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk